1. **Дали 24.05.2019 е краен рок за доставување на документацијата?**

Согласно текстот од Огласот Член 3, рокот 24.05.2019 е првичен рок за доставување на понуди. После овој рок секој заинтересиран понудувач може да поднесе документација за прием во Квалификацискиот систем се до крајот на важење на Огласот.

2. **На кој начин треба да бидат заверени документите кои треба да се прикачат на веб базираната платформа ?**

Согласно Член 6 документите треба да бидат заверени со Штембил „ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ" , да има потпис од овластено лице на фирмата и да има ставено Кружен печат од компанијата подносител, а потоа да се скенира и прикачи на веб базиранта платформа.

3. **Дали документите од институциите може да се извадат електронски?**

Да може но потребно е истиот да биде испечатен и заверени со Штембил „ВЕРНО НА ОРИГИНАЛОТ" , да има потпис од овластено лице на фирмата и да има ставено Кружен печат од компанијата подносител а потоа да се скенира и прикачи на веб базиранта платформа.

4. **Дали може да се достави изјава за за одобрен и регистриран ENTSO-E идентификационен код (EIC) наместо Известување од АД МЕПСО за одобрен и регистриран ENTSO-E идентификационен код (EIC) ?**

Да може да се достави изјава во која ќе биде наведен **ENTSO-E идентификационениот код (EIC).** Потребно е изјава да биде издадена од понудувачот.

5. **Дали ЕВН Хоме ќе обезведи Компаниска гаранција?**

Да ЕВН Хоме ќе обезбеди компаниска гаранција и ќе ја достави при склучувањето на Индивидуалните договори согласно условите кои ќе бидат дефинирани во секоја Покана до квалификуваните понудувачи за поднесување на понуда за набавка на електрична енергија (ППП).

6. **Дали документацијата треба да се достави во хартиена форма?**

Не документацијата се поднесува на веб базираната платформа.